Врз основа на член 16 ставови (4), (10) и (11) од Законот за ревизија ("Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 135/11, 188/13, 43/14 и 138/14), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија на седница одржана на 24.11.2014 година, донесе

**Правилник**
**за начинот на утврдување на повредите и мерките, начинот на забележување дека овластениот ревизор, друштвото за ревизија или овластениот ревизор - трговец поединец е неактивен, начинот на евидентирање на мерките во соодветниот регистар како и формата и содржината на барањето за бришење на забелешката за неактивност**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на утврдување на повредите и мерките, начинот на забележување дека овластениот ревизор, друштвото за ревизија или овластениот ревизор - трговец поединец е неактивен, начинот на евидентирање на мерките во соодветниот регистар како и формата и содржината на барањето за бришење на забелешката за неактивност.

Член 2

Мерката времено одземање на лиценцата на овластениот ревизор ќе му се изрече на овластениот ревизор врз основа на известување од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (во натамошниот текст: Институтот) дека му е изречена дисциплинската мерка времено исклучување од членството во Институтот, со времено бришење од регистарот во траење до три години, односно за периодот додека траат правните последици од судската пресуда, односно додека трае забраната за вршење на професија или дејност во случаите утврдени во член 22-в од Законот за ревизија (во натамошниот текст: Законот).

Член 3

Мерката времено одземање на лиценцата за работа на друштвото за ревизија и на овластениот ревизор - трговец поединец ќе им се изрече врз основа на известување од страна на Институтот дека им е изречена дисциплинската мерка времено исклучување од членството во Институтот, во траење до три години, односно додека трае забраната за вршење на професија или дејност во случаите утврдени во член 22-ѓ од Законот.

Член 4

Мерката трајно одземање на лиценцата на овластениот ревизор, лиценцата за работа на друштвото за ревизија и лиценцата за работа на овластениот ревизор - трговец поединец, Советот ќе им ја изрече доколку утврди дека лиценцата е издадена врз основа на неточни податоци, повеќе не се исполнети условите од членовите 24 и 25 од Законот, претходно е изречена дисциплинска мерка трајно исклучување од членството во Институтот и е покрената стечајна постапка или се спроведува ликвидација на друштвото за ревизија или на овластениот ревизор - трговец поединец.

Континуитетот на исполнувањето на член 24 и 25 од Законот го проверува Институтот и за наодите го информира Советот.

Член 5

Забележувањето на овластениот ревизор дека е неактивен го врши Институтот врз основа на решение со кое е изречена мерка за времено одземање на лиценца на начин што во регистарот на овластени ревизори во делот "изречени дисциплински

мерки“ се става забелешка “неактивен“ и се наведува периодот за кој важи неактивноста.

Член 6

Забележувањето на друштвото за ревизија и на овластен ревизор - трговец поединец дека се неактивни го врши Институтот врз основа на решение со кое им е изречена мерка за времено одземање на лиценца за работа на начин што во регистарот на друштвата за ревизија и овластени ревизори - трговци поединци во делот “изречени дисциплински мерки“ се става забелешка “неактивен“ и се наведува периодот за кој важи неактивноста.

Член 7

Во регистарот на овластени ревизори и во регистарот на друштвата за ревизија и овластени ревизори - трговци поединци, Институтот во посебна графа ги евидентира мерките:

- времено одземање на лиценцата на овластениот ревизор;

- времено одземање на лиценцата за работа на друштвото за ревизија и на овластениот ревизор - трговец поединец; и

- трајно одземање на лиценцата на овластениот ревизор, лиценцата за работа на друштвото за ревизија и лиценцата за работа на овластениот ревизор - трговец поединец.

Член 8

Барањето за бришење на забелешката за неактивност се поднесува на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Во случај кога барањето од став 1 на овој член го доставува овластен ревизор, кон барањето се доставува доказ дека се поминати три години од изречената дисциплинска мерка времено исклучување од членството на Институтот со времено бришење од регистарот во траење до три години, односно е изминат периодот на траење на правните последици од судската пресуда, односно е престаната забраната за вршење на професија - времено исклучување.

Во случај кога барањето од став 1 на овој член го доставува друштвото за ревизија или овластениот ревизор - трговец поединец кон барањето се доставува доказ дека се поминати три години од престанокот на дисциплинска мерка времено исклучување од членството на Институтот во траење до три години, односно е престанат периодот на забраната за вршење на професија или дејност.

Член 9

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страницата на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

Број 02-517/1

Скопје, 26.11.2014 година

Претседател на Совет,

Соња Ѓелова Стојанова

**ПРИЛОГ**

До архива на
Институтот на овластени ревизори на Р. Македонија

Барање
за бришење на забелешките за неактивност

Од ______________________________________________
**(Овластен ревизор / Друштво за ревизија / Овластен ревизор - трговец поединец)**

______________________________________________
(адреса на подносителот)

Краток опис на поднесеното барање: ______________________________
______________________________________________
______________________________________________

Прилог:

1. **Овластениот ревизор кон барањето доставува доказ согласно член 8 став 3** од Правилникот за начинот на утврдување на повредите и мерките, начинот на забележување дека овластениот ревизор, друштвото за ревизија или овластениот ревизор – трговец поединец е неактивен, начинот на евидентирање на мерките во соодветниот регистар како и формата и содржината на барањето за бришење на забелешката за неактивност.
2. **Друштвото за ревизија / овластениот ревизор – трговец поединец кон барањето доставува доказ согласно член 8 став 4** од Правилникот за начинот на утврдување на повредите и мерките, начинот на забележување дека овластениот ревизор, друштвото за ревизија или овластениот ревизор – трговец поединец е неактивен, начинот на евидентирање на мерките во соодветниот регистар како и формата и содржината на барањето за бришење на забелешката за неактивност.

Подносител на барањето

______________________